МРЕЖА 23

Отворете ги прозорците

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИСТРАЖУВАЊЕ:

## Пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија

Скопје, јули 2017 година

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ:

## Пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија

Скопје, јули 2017 година

Истражувањето за пристапноста и инклузивноста на судовите е дел од проектот „Имам право на еднаков пристап до правда“, спроведуван од здружението „Отворете ги прозорците“. Проектот е дел од шемата за регрантирање на граѓански организации, во рамките на Проектот „Мрежа 23+“ ИПА 2015/372-126, финансиран од Европската Унија. Проектот „Мрежа 23+“ го спроведуваат ЕПИ, како носител на проектот, во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија.

Методологијата за истражувањето и извештајот ги подготви Радмила Стојковска Алексова, раководителка на Центарот за асистивна технологија при „Отворете ги прозорците“.

Во теренското истражување, како истражувачи беа вклучени: Сандра Пешевска Мицковска, Сабри Зендели и Ифраим Љута. Благодарност за професионалноста, навременоста и активното учество и придонес кон овој проект.

Огромна благодарност до толкувачите на знаковен јазик, кои споделија искуства и приказни од нивната долгогодишна работа. Со своите заложби и труд го збогатија овој извештај.

*Оваа публикација е овозможена со финансиска подршка од Европската Унија во рамки на проектот Мрежа 23+. Наведените мислења на оваа публикација се мислења на авторите и не ги одрзуваат ставовите и мислењата на Европската Унија.*

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 5

1.1. За проектот 5

1.2. Методологија 6

1.3. Примерок 7

1.4. Обработка и приказ на резултатите 7

2. НАОДИ 8

2.1. Податоци добиени од анкетното истражување 8

1. Судови 8

2. Податоци за физичката пристапност на објектите на судовите 8

3. Податоци за пристапноста на услугите и информациите 10

4. Информации за подготвеноста на судската служба да работи и обезбедува услуги за лица со различен тип на попреченост 12

3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ И СПОРЕДБА СО РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 13

4. СВЕТОТ НА ТИШИНАТА И ПРАВДИНАТА – искуства и приказни на двајца толкувачи на знаковен јазик 16

4.1. Приказна 1 16

4.2. Приказна 2- Односот на судот и глувиот човек 18

5. ЗАКЛУЧОЦИ 19

6. ПРЕПОРАКИ 20

ПРИЛОЗИ 23

# 1. ВОВЕД

Истражувањето претставено во овој извештај се однесува на досегашните искуства и иницијативи во обезбедување пристапност и инклузивност на судовите во Македонија. Истражувањето е дел од проектот **„Имам право на еднаков пристап до правда“** , спроведуван од здружението „Отворете ги прозорците“. Проектот е дел од шемата за регрантирање на граѓански организации, во рамките на Проектот „Мрежа 23+“ ИПА 2015/372-126, финансиран од Европската Унија. Проектот „Мрежа 23+“ го спроведуваат ЕПИ, како носител на проектот, во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија.

Истражувањето ги опфати судовите во Македонија. Беше спроведено анкетно истражување, преку доставување прашалник до институциите. Во улога на истражувачи беа вклучени лица со попреченост во насока на паролата НИШТО ЗА НАС, БЕЗ НАС, кои теренски ги посетија судовите и спроведоа интервјуа со контакт лицата предложени од овие институции. Истражувањето се спроведе во текот на месеците јануари – март, 2017 година.

Употребата на квантитативно-квалитативни методи и техники при истражувањето ги идентификува предизвиците, потешкотиите и потребните промени за подобрување на моменталната состојба и за унапредување на пристапноста и инклузивноста на судовите, со цел еднаков пристап до правда за лицата со попреченост.

При спроведување на истражувањето, Отворете ги прозорците, воспостави соработка со судовите и процесот се одвиваше без потешкотии. Ова е прва активност и соработка на организацијата со судовите.

## 1.1. За проектот

Општата цел на проектот беше: Да се придонесе кон подобар пристап до правда на лицата со попреченост.

Додека пак активностите за нејзино постигнување беа следните:

• Истражување на пристапноста и инклузивноста на правосудните институции за остварување на правото за пристап до правда на лицата со попреченост;

• Подготовка и промоција на препораки за подобрување на пристапноста на правосудните институции и пристапот до правда на лицата со попреченост;

• Подготовка и јавна промоција на две студии на случај на лица со различен тип на попреченост за нивните искуства при реализација на правото на пристап до правда.

Временската рамка за спроведување на проектот беше од мај 2016 година, до август 2017 година.

## 1.2. Методологија

**Главната цел** на истражувањето беше да даде преглед на моменталната состојба во поглед на пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија и на нивните услуги за лицата со попреченост.

**Специфичните цели** на истражувањето беа:

• Да обезбеди податоци за физичката пристапност на објектите на судовите;

• Да се добијат податоци за пристапноста на услугите на судовите и на информациите кои судовите ги продуцираат во рамките на своето работење, и

• Да се добијат информации за подготвеноста на судскиот кадар да работи и обезбедува услуги за лица со различен тип на попреченост.

По својот карактер истражувањето беше комбинирано, бидејќи за добивање на податоците беше користен **квантитативно-квалитативен пристап:**

За обезбедување на квантитативните податоци беше користен **методот на анкета,** за што беше користен инструментот Анкетен прашалник за истражување на пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија, приложен во **Прилог 1**. Доколку судот имаше назначено одговорно лице за лицата со попреченост, анкетниот прашалник беше испратен до него; доколку нема одговорно лице, по препорака на судот прашалникот беше испратен до соодветниот контакт.

Дел од податоците беа прибирани и преку теренско истражување засновано на примената на два метода: **полуструктурирано интервју и опсервација.** Од една страна, теренското истражување обезбеди подлабоки и подетални сознанија за пристапноста на судовите, но, од друга, претставуваше и можност за проверка на податоците добиени преку анкетното истражување. Ова особено се однесува на самооценката на судовите во поглед на сопствената и пристапноста на услугите. За теренските посети беше користен инструментот Водич за интервју и опсервација при посета на судовите, приложен во **Прилог 2**.

За потребите на теренското истражување беа ангажирани тројца надворешни соработници со различен тип на попреченост, вклучувајќи оштетување на слухот и оштетување на видот. Изборот на истражувачите беше направен од аспект на можности за воспоставување на комуникација и обезбедување на потребните податоци.

Лицата беа избрани според следните критериуми:

• Претходно учество во истражувачка работа;

• Способност за комуникација со различни лица;

• Искуство во прибирање, селектирање и внесување податоци во претходно подготвена рамка;

• Мотивација и интерес за работа во активност од ваков тип.

Лицата кои беа поканети за учество во оваа активност се од дата базата на контакти која ја води Отворете ги прозорците, во рамките на различни проекти.

За избраните лица беше спроведена еднодневна работилница, каде се запознаа со целта, начинот, методите на истражување и со личните одговорности и задачи за секој истражувач.

Во текот на истражувањето беше користена и **методата студија на случај**. Во овој извештај споделени се искуства и приказни, кои се добиени низ разговор со двајца толкувачи на знаковен јазик.

## 1.3. Примерок

Во истражувањето беа вклучени сите 34 судови во Македонија. До секоја институција беше испратен анкетен прашалник. Прашалникот беше доставен по електронски пат, до контакт лицето кое беше препорачано од судот врз основа на телефонски разговор.

Пред започнување со истражувањето до сите судови беа испратени барања за покажување интерес за учество во истражувањето. На барањето сите судови одговорија потврдно и препорачаа контакт лице за олеснување на комуникацијата.

Истите лица, подоцна беа контактирани и за организирање на теренските посети.

Состојбата во однос на одговорени прашалници и остварени теренски посети на судовите е претставена во **Прилог 2**.

## 1.4. Обработка и приказ на резултатите

Добиените податоци од истражувањето, во зависност од нивната природа, беа обработени на квантитативен (со едноставни статистички процедури ) и квалитативен начин.

# 2. НАОДИ

## 2.1. Податоци добиени од анкетното истражување

Во овој дел од извештајот се претставени податоци за карактеристиките на судовите.

### 1. Судови

Анкетниот прашалник го пополнија и доставија 32 (94%) од вкупно 34 судови, кои постојат на територијата на Македонија.

### 2. Податоци за физичката пристапност на објектите на судовите

Во првиот дел од анкетниот прашалник беа поставени прашања со цел да се истражи физичката пристапност на судовите. Физичката пристапност беше истражена преку следните параметри:

- Пристапност на влезот на објектот;
- Пристапност на внатрешниот простор;
- Пристапност на тоалет;
- Пристапност за лица со оштетен вид, и
- Пристапност за лица со оштетен слух.

Испитаниците требаше да одговорат на пет прашања од затворен тип. За секое од прашањата беа понудени од три до пет можности, што најблиску ја отсликуваат состојбата во однос на физичката пристапност на судовите. Испитаниците требаше да одберат една од понудените можности на секое прашање.

19 (59%) од судовите одговориле дека на влезот на судот има рампа која може да ја користи лице со количка без помош од друго лице; 5 (16%) велат дека на влезот на судот има влезна рампа, но не е функционална за лица со физичка попреченост; 4 (12%) од судовите се лоцирани на приземје и немаат потреба од влезна рампа, односно исто толку судови одговориле и дека немаат влезна рампа. Ниту еден од судовите не одговорил дека нема потреба од влезна рампа.

Графички, процентуалната застапеност на одговорите изгледа вака:




Во однос на внатрешната пристапност, само 4 (12%) од судовите имаат внатрешен лифт за движење на лицата со попреченост помеѓу катовите; најголем дел од судовите, односно 16 (50%), велат дека просториите во кои се се обезбедуваат услуги за лицата со попреченост се лоцирани на приземје; а 12 (38%) од судовите велат дека не се направени значителни адаптации со кои се олеснува движењето во внатрешноста на лицата со попреченост.

Само два (6%) суда велат дека имаат пристапен тоалет, кој е адаптиран според потребите на лицата со попреченост, 9 (28%) судови изјавиле дека немаат потреба од адаптација на тоалет, бидејќи стандардниот може да го користат сите лица и 21 (66%) суд вели дека нема пристапен тоалет.

Во најголем дел од судовите, 12 (38%) досега не се направени никакви адаптаци со кои се олеснува пристапот за лицата со оштетен слух, дел од нив, 8 (25%) обезбедуваат толкувач на знаковен јазик за потребите на лицата со оштетен слух, односно 11 (34%) од судовите сметаат дека нема потреба од обезбедување на оваа услуга, бидејќи лицата најчесто доаѓаат со придружба. Само 1 (3%) суд смета дека лицата со оштетен слух може да ги користат услугите без толкувач на знаковен јазик.

Слична е состојбата и со адаптациите за лица со оштетен вид. Најголем дел од судовите, 18 (56%), не направиле никакви адаптации со кои се олеснува движењето на лицата со оштетен вид, а 14 (44%) имаат назначено лице кое ги придружува лицата со оштетен вид кои користат услуги во судот. Ниту еден суд нема обезбедено тактилна патека за движење на лицата со оштетен вид, ниту пак ознаки на Браево писмо.

Следната табела ги илустрира податоците кои се добиени од судовите во однос на физичката пристапност:

| **Тип на адаптација која ја овозможува судот** | **Број на судови** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **Пристапна рампа на влезот на судот** | **24** | **75%** |
| **Внатрешен лифт** | **4** | **12%** |
| **Простории лоцирани на приземје** | **16** | **50%** |
| **Адаптиран тоалет** | **2** | **6%** |
| **Обележана тактилна патека** | **0** | **0%** |
| **Ознаки на Браева азбука** | **0** | **0%** |
| **Обезбеден придружник за лица со оштетен вид** | **14** | **44%** |
| **Обезбеден толкувач на знаковен јазик** | **8** | **25%** |

Од табелата може да се забележи дека најголем дел од судовите имаат пристапна рампа на влезот на судот, што како адаптација не е секаде функционално, бидејќи според одговорите на судовите, во дел од нив лицата со телесна попреченост не можат самостојно да се движат по рампата. Во однос на внатрешниот дел на судовите и движењето меѓу катовите, за лицата со попреченост, е овозможено како адаптација само во четири судови во кои има внатрешен лифт. Најголем дел од судовите ја применуваат адаптацијата, со обезбедување на услуги за лицата со попреченост на приземје. Само два суда имаат пристапен тоалет, според нивните одговори, а ниту еден суд нема обележана тактилна патека ниту пак ознаки на Браева азбука за лицата со попреченост.

Дел од судовите обезбедуваат толкувач на знаковен јазик и придружба за лицата со оштетен вид.

## 3. Податоци за пристапноста на услугите и информациите

Вториот дел од прашалникот имаше за цел да обезбеди податоци за пристапноста на судската постапка и поддршката која им се нуди на лицата со попреченост во овој дел, преку идентификување на следните области:

- Евиденција на бројот на лица со попреченост кои ги користат услугите на судот и евиденција на бројот на лица кои биле вклучени во судски постапки;
- Подготвеност на судскиот кадар за работа со лица со попреченост.

Во однос на евиденцијата, најголем број од судовите, 29 (91%) не водат евиденција за бројот на лица со попреченост кои досега ги користеле услугите на судот, однсоно ниту еден суд не води евиденција за учеството на лица со попреченост во судските процеси. Еден од судовите вели дека има посебен образец за евиденција на лицата со попреченост, а два суда велат дека се подготвени да водат евиденција но, досега судот сè уште не го посетиле лица со попреченост.

На прашањето за тоа со која категорија лица со попреченост судовите најчесто се среќаваат, тие велат дека тоа се лицата со телесна попреченост, лицата со интелектуална попреченост, како и лица со оштетување на видот и слухот. Досега ниту еден суд немал искуство со лица со аутизам. Интересен е следниот податок: наспроти тоа што судовите кои наведоа дека немаат евиденција за лицата со попреченост поради тоа што досега немале искуство во работа со лица со попреченост, во набројувањето на категории на лица со попреченост кои се обратиле и оствариле некаква услуга во судот, наведуваат одредени категории со кои се сретнале во своето искуство.

За да се овозможи полесна комуникација и поддршка на лицата со попреченост, дел од судовите имаат назначено контакт лице за прашања и услуги поврзани со лицата со попреченост. Овие лица имаат учествувано на обука, организирана од Министерството за труд и социјална политика. Според одговорите на судовите, 81% од судовите, имаат назначено лице за контакт со лицата со попреченост.

Следниот приказ го илустрира овој одговор:




Освен контакт лицата, на обуката организирана од Министерството за труд и социјална политика, според одговорите на судовите, учествувале и останати вработени од 10 суда, што чини 30% од примерокот во истражувањето. Како дополнување на ова прашање, судовите требаше да наведат какви обуки им се потребни за да ја унапредат работата со лицата со попреченост. Дополнувања на ова прашање дале само два суда кои велат дека им се потребни обуки со кои ќе добијат знаења и вештини за комуникација со лица со попреченост, односно начини на пристап кон нив.

Судовите беа прашани дали помеѓу нивните вработени има и лица со попреченост. Нивните одговори се претставени преку следниот приказ:




Ниту еден суд не приложи евиденција за бројот на тужени или пак учеството на лицата со попреченост како тужители во судски процеси. Според искуството и процената на состојбата, лицата со попреченост најчесто се учесници во процеси за одземање деловна способност.

## 4. Информации за подготвеноста на судската служба да работи и обезбедува услуги за лица со различен тип на попреченост

Во третиот дел од анкетниот прашалник беше истражувана пристапноста на информациите кои ги пласираат и споделуваат судовите. Според одговорите, размислувањата на судовите се следните: 18 (56%) од судовите велат дека имаат веб страна за која не се сигурни дека е изработена според стандарди за пристапност, односно 5(16%) велат дека нивната веб страница ги задоволува стандардите за пристапност. Ниту еден од судовите не навел дека обезбедува лесно читливи материјали, односно 14(44%) судови велат дека информациите кои ги нудат се пристапни за сите и нема потреба од дополнителни прилагодувања. 8(25%) од судовите, сметаат дека информациите се достапни бидејќи ги објавуваат на огласна табла, а 9(28%) велат дека досега не ги прилагодувале материјалите.

Дополнителните коментари од испитаниците беа во насока на подобрување на условите, инфраструктурата и поддршка на судските служби за унапредување на работата и услугите за лицата со попреченост: „*Судот има голема потреба за прилагодување на инфраструктурата и бариерите, како и повеќе ресурси за да се испочитуваат сите услови и критериуми за лицата со попреченост*“; „*Имаме потреба од конкретно укажување на потребите на лицата со попреченост за да се превземат мерки за олеснување на пристапот*“.

# 3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ И СПОРЕДБА СО РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во овој дел од извештајот ќе се даде осврт и анализа на добиените резултати од анкетното истражување. Дополнително, овие резултати ќе се доведат во корелација со резултатите добиени од теренското истражување. Теренското истражување се спроведуваше во текот на месец март, 2017 година од страна на тројца истражувачи. Истражувачите во овој период посетија 30 судови низ Македонија и воспоставија комуникација, односно спроведоа интервју и обсервација.

Следува анализатата на податоците добиени по пат на анкетното истражување:

Податоците од теренското истражување ја потврдуваат востановената состојба, презентирана на анкетното истражување во делот на физичката пристапност.

Имено дел од пристапните рампи кои постојат, не се во функција на лицата со телесна попреченост, особено на лицата кои користат количка како помагало. Овие лица имаат потреба од дополнителна поддршка и покрај рампата која треба да ја обезбеди пристапноста на влезот во објектот. Во дел од судовите, иако постоеше рампа на влезот, пристапот за сите граѓани во објектот не беше овозможен бидејќи после рампата се поставени скали. На тој начин дел од лицата со попреченост имаат пристап само до судската полиција, односно не можат да ги остварат своите законски права и услуги. Во вакви ситуации судот прави адаптација на тој начин што услугите за лицата со поперреченост се реализрираат надвор, пред самиот објект. Во дел од судовите се поставени звончиња и доколку лице со попреченост дојде да оствари услуга, службеникот кој е задолжен за бараното право се симнува и услугата се врши долу пред објектот.

Теренското истражување беше спроведено од тројца истражувачи, кои беа избрани врз основа на одредени критериуми. Еден од критериумите беше да бидат лица со попреченост за да можат од аспект на попреченоста и лично искуство да ја истражат пристапноста и инклузивноста на судовите. Примерок од формуларот за интервју и опсервација следи во **Прилог 3**. Нивните наоди покажаа дека концептот за физичка пристапност не е доволно познат ниту пак применет во овие институции. Постоењето на пристапна рампа на влезот на институција се перцепира како пристапност, а при тоа не се земаат предвид потребните, пропишани стандарди. Во овој дел, истражувањето потврди дека се присутни импровизации кои не секогаш се од корист за сите граѓани.

Вториот елемент од пристапноста, кој беше истражуван, е внатрешната пристапност. Анкетното истражување посочува на отсуство на внатрешна пристапност. Само четири судови имаат внатрешен лифт. Лифтот не секаде ги исполнува стандардите за пристапност во однос на можностите за влез со количка и користење на лифтот од страна на лице со оштетен вид. Не беа забележани зголемени, ниту пак броеви на катовите кои се испишани на Браева азбука. Во ниту еден од судовите немаше забележано држачи во ходниците за

полесно движење на лицата со телесна попреченост, односно теренското истражување покажа дека во ниту еден суд нема пристапен тоалет. Дел од судовите, поточно два суда, во анкетното истражување наведоа дека имаат пристапен тоалет, но теренското истражување покажа дека концептот за пристапност на тоалет воопшто не е познат. Ниту еден од судовите нема пристапен тоалет граден според стандарди, односно постоечките тоалети воопшто не се пристапни за лица со попреченост. Слична е ситуацијата и со внатрешните простории. Адаптација која најчесто ја користат судовите е обезбедување услуги за лицата со попреченост во приземните простории во судот. Но, се случува поради непристапност лицата да не можат да пристапат ниту на приземје. Станува збор за објекти кои се градени одамна и во дел од нив не постои физичка можност за вградување лифт. Дел од судовите се градени и на непристапни места, покрај главна улица и самостојноста и независноста на лицата со попреченост е невозможна поради безбедносни причини.

Во еден од судовите, при теренска посета имавме можност да видиме пристапна судница. Имено судницата беше лоцирана на приземје, а од задниот дел на судот имаше пристапна рампа која директно води до судницата.

Во ниту еден од судовите не постои пристапност за лицата со оштетен вид и за лицата со оштетен слух. Наодите, податоците од интервјуата и опсервацијата потврдуваат дека свесноста за пристапноста за оваа категорија на граѓани во судовите е на многу ниско ниво, однсоно концептот воопшто не е познат. Тоа се должи и на фактот што најчесто овие лица при остварување на услуги доаѓаат со придружба или пак доколку се лица со оштетен слух имаат развиено механизам на читање на говор од уста и ги извршуваат активностите самостојно.

Кога станува збор за услужување на лицата со попреченост, судовите велат дека од секогаш работат и услужуваат лица со попреченост. Статистика по однос на попреченост не водат. Само еден суд приложи формулар според кој го забележува бројот и води некаква статистика за лицата со попреченост. Овој формулар, насловен како листа за следење на бројот на инвалидни лица кои побарале асистенција при остварување на своите права, ги содржи следните елементи:

- Име на институција;
- Датум;
- Овластено лице/заменик;
- Лицето бара помош за;
- Вид на попреченост – наведени категории на попреченост;
- Дали се појавиле потешкотии во текот на комуникацијата со лицето, и
- Дали лицето ги остварило своите права, да се наведе кои.

Според информацијата која ја добивме од судот, овој формулар е предложен од Министерството за труд и социјална политика и е обврска на секој суд. Од останатите судови не добивме информација дека го применуваат во пракса, ниту пак дека е задолжителна неговата примена.

Иако не постојат статистички податоци за бројот на лица кои оствариле услуга или пак учествувале во некаков судски процес, секој од судовите наведе дека имал искуство во работа со лица со попреченост. На прашањето кои лица со попреченост се најчести посетители на судот, добивме одговор дека најчесто тоа се лица со телесна или интелектуална попреченост. Сметаме дека овие две попречености најчесто се наведуваат бидејќи се лесно препознатливи, особено кога станува збор за телесна попреченост, односно најголем дел од постапките кои се водат за лица со попреченост се оние за одземање на деловна способност, каде најчесто се вклучени лицата со интелектуална попреченост. Овој податок беше потврден и со фактот што претставниците од судовите не учествувале на обуки каде

повеќе би се информирале за попреченоста, односно постои недостаток на информации и знаења, наспроти алтруистичката желба за помош и поддршка. Ниту еден суд не наведе дека не сака да работи со корисниците со попреченост, а сите судови велат дека имаат потреба од поддршка и обуки. Најчесто истакнуваат дека им се потребни обуки за препознавање на попреченоста и прилагодување на односот кон лицата со попреченост.

Една од иницијативите која постои во 81% од судовите е назначување на контакт лице задолжено за лицата со попреченост. Во текот на теренските посети најчесто интервјуата беа спроведени со овие лица. Она што беше впечатливо е дека дел од овие лица се лоцирани на вториот или третиот кат во институцијата, каде често нема лифт или пак пристапот е ограничен. Дел од нив на оваа функција сѐ од неодамна и велат дека лица со попреченост од нив досега не побарале услуга. Сметаме дека тоа се должи на физичката недостапност. Дел од судовите, 22%, истакнаа дека имаат вработено лице со попреченост. Интересен е фактот што во еден од судовите, лице со попреченост е вработено како судија. Претставници од судот велат дека воопшто својот колега не го перцепираат како лице со попреченост, напротив, велат дека е одлично вклопен и професионален во својата работа. Слични податоци добивме и од останатите судови каде лица со попреченост се на работна позиција судски соработник, курир.

Најчеста услуга која судот ја нуди за лицата со попреченост е обезбедување толкувач на знаковен јазик. Оваа услуга финансиски ја подмирува судот, а негова е и обврската да обезбеди толкувач.

Кога станува збор за пристапноста на информации, досега судовите не размислувале за прилагодување на постоечките формулари и генералните информации кон потребите на лицата со попреченост. Концептот за пристапност на информации воопшто не е познат во оваа сфера. Иако судовите имаат веб страници ниту една не е пристапна. Информациите најчесто ги објавуваат на огласна табла, а дел од судовите како донација имаат добиено инфо пултови. Овие пултови ги забележавме за време за теренската посета. Истите обезбедуваат информации по електронски пат, но во судовите кои ги посетивме овие уреди не беа во функција. На овој начин за дел од лицата со попреченост пристапот до информација е дополнително отежнат.

Генерално, добиените податоци од анкетното истражување беа потврдени со теренските посети. Дел од наодите во анкетното истражување не се соодветни со реалната состојба, но сметаме дека тоа е последица на недостигот на информации и знаења за концептот на попреченост, пристапност и инклузија.

# 4. СВЕТОТ НА ТИШИНАТА И ПРАВДИНАТА – ИСКУСТВА И ПРИКАЗНИ НА ДВАЈЦА ТОЛКУВАЧИ НА ЗНАКОВЕН ЈАЗИК

Во овој дел од извештајот се сместени искуствата и приказните, кои произлегуваат од долгогодишната работа на двајца толкувачи на знаковен јазик, кои сакаа да останат анонимни, во областа на правдата. Неслучајно е спроведено интервју со нив, бидејќи најголем дел од судовите во истражувањето, а и при теренските посети, посочија дека најчесто обезбедуваат услуги за лицата со оштетен слух. Односно обезбедуваат толкувач на знаковен јазик за нивните потреби.

## 4.1. *Приказна 1*

### Правдата во тишината

Во македонскиот правосуден систем иако е загарантирано правото на говор на мајчин јазик, во нашата сфера каде глувите лица имаа комуникациски бариери во поглед на употребата на знаковен јазик, во спроведувањето на правдата потешко го остваруваат своето право:

- Се ангажираат толкувачи на знаковен јазик преку НСГНРМ кој испраќа толкувач било каде во било кој суд во Македонија за било каков вид на постапка[1];
- Нејасна е дилемата кој ги покрива трошоците на толкувачот при остварување на овој вид на услуга иако Законот за употреба на знаковниот јазик е јасен и вели дека: ***сите јавни и државни институции се должни да обезбедат на надоместок за овој вид на услуга;***
- Се случува да нема никаков надомест, или пак надоместокот треба глувото лице да го обезбеди како странка во судските процеси, односно во најдобар случај судот да обезбеди средства после долго време по завршувањето на постапката.

На секоја постапка во првата средба откако судот ќе утврди дека некоја од странките е глуво лице по службен пат испраќа покана за обезбедување на толкувач на знаковен јазик преку самото глуво лице или до НСГНРМ, или директно се контактира со толкувач за негово ангажирање.

Во текот на секоја постапка сите правни лица комуницираат со специфична терминологија од правен аспект и од областа на судството , па толкувачот се наоѓа во комплексна ситуација каде што не само што треба да толкува, туку треба и да пронаоѓа сининими и поедноставни објаснувања за таквата терминологија со цел да му обезбеди можност на глувото лице да ја следи постапката, која и онака е збунувачка и конфузна.

[1] Согласно член 5, од Законот за употреба на знаковен јазик.

Толкувачот често се обидува да добие потврда за она што се зборува во текот на постапката за да може да се пренесе на поедноставен начин информацијата, но не и на погрешен.

Во моето досегашно лично искуство, како толкувач во различни судски постапки наидувам на судии кои се позитивно наклонети кон тоа да судскиот процес тече доволно јасно за глувото лице, без оглед на тоа дали глувото лице е обвинето, тужено лице или тужител, или пак сведок за некој предмет. Се прилагодуваат на ситуацијата кога толкувачот мора да застане спроти глувото лице за појасна видливост при толкувањето, како и терминолошкото разграничување на некои фрази и термини.

Секако постојат и исклучоци, т.е. примери на лоша практика кога судијата не дозволува да застанува кој каде сака во судницата, дека е неопходна претходна дозвола за местото на толкувачот, дури постоеле и примери каде толкувачот е девалвиран во однос на надоместокот и направените патни трошоци ( доколку се патува во друг град).

### *Студија на случај* - Злоупотреба

Во судска постапка на која се поништуваше изјава за тестамент на татко (глуво постаро лице кое е неписмено) кој на своите седум деца нееднакво им го остава имотот (куќа) на располагање по неговата смрт. Имено во претходниот период тој со својата ќерка (едно од седумте деца) на нотар "дал" изјава дека целиот имот и го остава на неа, при што на останатите деца не им остава ништо т.е. се обесправени.

Судската постапка течеше повеќе од 2 години при што се утврдуваше вистинската волја на таткото, кој пак даваше изјава дека не разбрал што потпишува на нотар кога се изготвувал тестаментот. Потоа се утврдуваа околносите како ја давал изјавата (толкувач не бил обезбеден, тој пак е неписмен) како и се утврдуваше негова изјава на видео материјал (како доказен материјал) која ја давал непосредно пред тестаментот.

Во овој вид на случај се потенцираше вистинската потреба на толкувач како неутрална страна кој доследно ќе ги пренесува информациите, особено во случај кога глувото лице е неписмено, со рудиментиран фонд на зборови (знаци). Поради старост движењата на рацете и прстите му беа ограничени што создаваше низа "искривени„ знаци и при тоа нему му се пренесуваа информациите на наједноставен начин разбирлив за неговото ниво.

Во целата постапка се внимаваше и на тоа колку тоа лице ја следи постапката како што е дали ги разбира прашањата, дали неговите одговори ја даваат неговата вистинска волја, и дали ги разбира последиците од оваа постапка.

Вакви ситуации несомнено имало и ќе има, но најважниот момент е колку е овозможен поедноставен лингвистичкиот пристап на правната терминологија поточно колку правната терминологија им е позната, јасна и разбирлива на обичните граѓани, уште повеќе колку е разбирлива во светот на тишината. Дали е неопходно да се прилагодуваат самите судски постапки или толкувачот треба да има и „правен" факултет за да може да ги препознава правните термини и истите да ги сведува на друг јазичен систем и на едноставен стил без да ја искриви суштина и битот.

### *Студија на случај* - Игра на адвокатите

Со постара глува жена и јас, како толкувач, имавме непријатно искуство во судница, каде таа беше повикана како сведок да сведочи за изјава на жена (која веќе е почината) која ја дала пред извесни години. Бидејќи се работи за хронолошки настани во минатото беше потешко да се објасни на која изјава треба да посведочи глувата жена. Судијата беше наклонет да се објасни поедноставно.

Адвокатот на страната на која не и одговараше сведочењето на глувата жена настапи перфидно со поставување на нејасни и збунувачки прашања, при што како толкувач забележав дека глувата жена станува конфузна и се вознемирува, па замолив да бидат појасни со прашањата.

Во следниот блок на прашања поврзни за годината и датумот на изјавата за која сведочи глувата жена адвокатот настапи грубо со обвинувања дека толкувачот го наведува сведокот. Суштината беше да се девалвира кредибилитетот на сведочењето на глувата жена.

Сведокот (глувата жена) видно се вознемири (и се слоши ) и сакаше што побрзо да ја напушти судницата.

Заклучок од ова искуство: изјавите на глувите лица лесно се претвораат во плен за адвокатите кои како грабливци го користат лингвистичкиот јаз при претворање на зборовите од еден во друг специфичен јазичен систем.

## 4.2. *Приказна 2* - Односот на судот и глувиот човек

Во изминативе триесет години, колку што активно учествувам како новинар, но и како дете на глуви родители, би сакала да истакнам неколку работи кога станува збор за односот на судот и глувиот човек. На тој пат постојат куп неразрешени потреби кои го отежнуваат секојдневниот живот на оваа популација.

Ако се земе предвид фактотдека и глувите граѓани речици ги имаат истите потреби во овие институции, еве кои се моите лични видувања од досегашната практика.

1. Во законот за примена на Македонскиот знаковен јазик е направен пропуст со тоа што не е ставено дека „глувиот човек има право сам да одбере од листата на сертифицирани толкувачи кој да му преведува“ што е посебно важно од повеќе причини.

2. Листата со информации за сертифицираните толкувачи, не е доставена до сите судови во Македонија, така што во внатрешноста луѓето незнаат како најбрзо да обезбедат толкувач. Секоја промена на адреса или телефон, не се обновува.

3. Во постоечките канцеларии, при судовите, кои се задолжени за односи со лица со попреченост, нема човек кој би можел да услужи глув граѓанин, бидејќи контакт лицата и останатите вработени не го познаваат знаковниот јазик. На моето прашање како би се разбрале со глуво лице, тие велат: „малку со зинување на устата или со пишување“. Ова секако го нарушува правото на глувото лице за примена на мајчин јазик. Во судовите е спроведена обука на која предавачите, кои не ги познаваат доволно карактеристиките на оваа популација, давале инструкции за работа кои не се соодветни.

4.Доколку лицето има потреба да заврши работа на шалтер, неизводливо е преку матните стакла и отворот, кој наликува на оние од цртаните филмови, да постават прашање ниту пак нешто да кажат.

5. Толкувачите кои учествуваат во судска постапка, доставуваат трошалници. Секој ги изработува по свој терк, бидејќи не постои унифициран урнек. Ова се јавува како последица на непостоење на здружение на толкувачи, како што е пример во светот.

6. Во текот не едно судење имав ситуација каде судијата од мене побара да не преведам нешто на глувото лице. Ова се коси со кодексот на толкувачите но и правата на глувите лица.

7. Многу толкувачи чекаат и по неколку години да бидат исплатени од судовите.

8. На последното судење на кое толкував се одржаа многу рочишта. За секое доставував трошалник и кога предметот беше завршен се случи апсурдна ситуација. Толкувачот со одлука на ресорното министерство за труд и социјална политика е вреднуван 20 евра, во денарска противредност за време до 60 минути. За првиот час цената изнесува 1200 денари, а

за секој нареден по 600 денари. Во решението кое го добив судијката направила математичка операција при што ги собрала минутите по рочиште. Пресметала 80 минути и хонорар од 1800 денари. Оваа одлука ја обжалив и предметот е на апелација.

9. На многу глуви лица кои се приведени во полициска станица, а потоа изведени на суд, им се врши распит без превод на знаковен јазик, при што е невозможно да се воспостави јасна комуникација.

10. Имав случај кога глуво лице изнајмило кола. При тоа имало полесен судир од што колата е оштетена. Од сопственикот, каде е изнајмена колата, лицето било одведено на нотар, во придружба на други две лица. При тоа е изготвен нотаски акт во отсуство на сертифициран толкувач. На прашањето зшшто лицето не е потпишано на местото означено за потпис и зошто не е повикан толкувач, добив дрско однесување, но не и одговор. Мајката на ова момче реагираше и кај народниот правобранител, во Националниот сојуз на глуви, на телевизија, но залудна. Сумата која треба да ја надоместат како штета е исто така дискутабилна.

11. Во Тетово постои случај каде што повозрасно лице со оштетен слух, кој има куќа во центарот на градот, е изиграно од својот внук кој му подметнал договор што лицето неможело да го разбере, а го потпишало.

12. Во некој од судовите во Македонија, за да се избегне трошокот за толкувач, судот сам повикува дактилографка која работела таму и била дете на глуви родители, во улога на толкувач. Сертифицираниот толкувач ја носи одговорноста за преводот, а дактилографката не. Во отсуство на толкувачи во сите институции, понекогаш децата на глувите родители ја одигруваат улогата на преведувачи. Вакви случаи имало и со носење на дете во полициска станица да преведува. Имено глуви родители пријавуваат дека нивната ќерка е исчезната во присуство на шестгодишен син кој е во улога на преведувач. Детската траума не е земена во предвид во овој случај, а истиот е пријавен во Првата детска амбасада Меѓаши.

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Во овој дел од извештајот се наведени заклучоците кои се темелат на наодите добиени од анкетното истражување и теренските посети на судовите во Македонија.

1. Досегашните искуства на судовите во Македонија потврдуваат дека постои недостиг на информации и знаења за концептот на попреченост и пристапност. Физичките услови во кои се обезбедуваат услуги за лицата со попреченост не се на ниво кое е соодветно за да се одговори на нивните потреби. Оттаму, дел од услугите кои ги нудат судовите се недостапни за лицата со попреченост, односно постоечките услуги не се доволни.

2. Стандардите за внатрешна пристапност на објектите не се применети во судовите и можностите за пристап и самостојно движење низ просториите на судовите се ограничувачки за лицата со попреченост.

3. Според добиените податоци и во согласност за Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој во член 8, точка 2 вели дека „***Дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост постои и тогаш кога нема да се преземат мерки за отстранување на ограничувањата, односно прилагодување на инфраструктурата и просторот, користење на јавно достапни ресурси, или учество во јавниот и општествениот живот.*** **“** доаѓаме до заклучок дека лицата со попреченост се соочуваат со дискриминација, поради необезбедени соодветни услови и пристапност, во патот на остварување на пристапот до правда.

4. Судскиот кадар се труди и нуди поддршка на лицата со попреченост, иако сѐ уште не е едуциран и обучен да ги препознае и соодветно да се однесува со лицата со попреченост.

5. Во судовите недостасуваат статистички податоци за бројот на лица со попреченост кои оствариле услуги или пак биле вклучени во некаков судски процес. При истражувањето е констатирано дека не постои унифициран и систематски пристап кон ова прашање, односно истото не е досега евидентирано и издигнато на обврзувачко ниво за секој суд.

6. Судовите се трудат да обезбедат пристапност за лицата со оштетен слух, преку обезбедување на толкувач на знаковен јазик, но сеуште не постои унифициран модел за примена на оваа услуга.

7. Концептот за пристапност на информации не е доволно познат, ниту пак е соодветно применет во досегашната работа на судовите.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Согласно добиените заклучоци од истражувањето и теренските посети, произлегоа следните препораки:

1. Да се подобрат физичките услови, односно да се земат предвид стандардите за пристапност при реновирањето и изградбата на нови објекти, за да истите бидат достапни за сите граѓани, односно да ги следат потребите на лицата со попреченост за да се зголеми самостојноста и за да се подобри нивниот квалитет на живот;
2. Да се зајакнат капацитетите на кадарот кој работи во судовите, преку обуки и други можности за учење и развој, за да можат да ги препознаат и соодветно да одговорат на потребите на лицата со попреченост;
3. Да се подобри пристапот до информации за лицата со попреченост, за да се овозможи поголема независност при остварување на основните права и потреби;
4. Да се спроведат реформи во работата на судовите, што ќе ги земат предвид потребите на лицата со попреченост на ниво на креирање нови услуги и поддршка при нивно остварување, и
5. Да се воспостави унифициран и системски приод во водењето статистички податоци во однос на попреченоста и пристапот до правда.

# ПРИЛОЗИ

**Прилог 1:**
**Прашалник за истражување на пристапноста и инклузивноста на судовите**

# ПРАШАЛНИК

## За истражување на пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија

Почитувани,

Целта на овој анкетен прашалник е да се добијат податоци за пристапноста и инклузивнота на судовите во Македонија. Пристапноста не го опфаќа само делот на физичката пристапност, туку вклучува и пристапност на информации и услуги кои судовите ги нудат за сите граѓани, со акцент на лицата со попреченост.

За одговарање ќе Ви бидат потребни не повеќе од 20-30 минути.

Истражувањето за пристапноста и инклузивноста на судовите е дел од проектот „Имам право на еднаков пристап до правда“, што го спроведува здружението Отворете ги прозорците, со поддршка од Институтот за европска политика и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Македонија. Проектот „Имам право на еднаков пристап до правда“ има за цел да придонесе кон подобар пристап до правда на лицата со попреченост, а временската рамка за реализација е од мај, 2016 до август, 2017 година.

Резултатите ќе послужат да се креираат препораки со чие спроведување би се олеснил и осовременил пристапот до правда за лицата со попреченост.

Анкетниот прашалник ќе биде доставен до сите судови во Македонија. Вашето учество и споделувањето на навремени и објективни информации е од големо значење за утврдување на реалната состојба и можностите за пристап до правда за лицата со попреченост.

Ве молиме пополнетите прашалници да ги испратите до здружението на граѓани „Отворете ги прозорците“, на бул. Партизански одреди, 62/2-29, Скопје, најдоцна до 25.01.2017 година.

Ви благодариме за одвоеното време и за соработката.

### I. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ

**Суд:**______________________________

**Општина:**_________________________

**Име и презиме на пополнувачот:** **Работна позиција:**

______________________________ ______________________________

**Контакт-информации на пополнувачот:**

тел.: ______________________________ e-mail: ______________________________

**Датум на пополнување:** **Потпис и печат:**

## II. ПРАШАЊА ЗА ФИЗИЧКАТА ПРИСТАПНОСТ НА СУДОТ

**1. Дали објектот на судот има влезна рампа?**

- o На влезот на судот има рампа која може да ја користи лице со количка без помош од друго лице.
- o На влезот на судот има влезна рампа, но не е функционална за лица со физичка попреченост.
- o Судот е лоциран на приземје и немаме потреба од влезна рампа.
- o Нема влезна рампа.
- o Немаме потреба од влезна рампа, бидејќи судот не го посетуваат лица со попреченост.

**2. Како е овозможено движењето за лицата со попреченост во внатрешноста на судот?**

- o Во судот има внатрешен лифт за движење на лицата со попреченост помеѓу катовите.
- o Просториите во кои се обезбедуваат услуги за лицата со попреченост се лоцирани на приземје.
- o Не се направени значителни адаптации со кои се олеснува движењето во внатрешноста на лицата со попреченост.
- o Немаме потреба од адаптација на внатрешната средина, бидејќи судот не го посетуваат лица со попреченост.

**3. Дали имате пристапен тоалет?**

- o Да, тоалетот во судот е адаптиран согласно потребите на лицата со попреченост.
- o Немаме потреба од адаптација на тоалет, бидејќи стандардниот може да го користат сите лица.
- o Немаме пристапен тоалет.

**4. Како е овозможено движењето на лицата со оштетен вид во судот?**

- o Лицата со оштетен вид се движат по обележана тактилна патека.
- o Ознаките на просториите во судот се обезбедени на Браева азбука.
- o Назначено е лице кое ги придружува лицата со оштетен вид.
- o Не се направени адаптации со кои се овозможува движењето на лицата со оштетен вид.

**5. Дали обезбедувате толкувач на знаковен јазик за лицата со оштетен слух во судот?**

- o За секое лице кое има оштетен слух обезбедена е оваа услуга.
- o Нема потреба од обезбедување на оваа услуга, бидејќи лицата најчесто доаѓаат со придружба.
- o Лицата со оштетен слух може да ги користат услугите без толкувач на знаковен јазик.
- o Судот, досега не го посетиле лица со оштетен слух.

## III. ПРАШАЊА ЗА ПРИСТАПНОСТА НА СУДСКАТА ПОСТАПКА И ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**6. Дали, во последниве пет години, водите евиденција за лицата со попреченост кои побарале услуга од Вас и доколку водите кои параметри ги вклучувате? Ве молиме накратко објаснете.**

______________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________

**7. Според Вашите сознанија и досегашното искуство, со каков тип на попреченост се соочуваат лицата кои пристапуваат до судот?Може да изберете повеќе одговори.**

- o интелектуална попреченост
- o телесна попреченост
- o оштетувања на видот
- o оштетувања на слухот и говорот
- o комбинирана попреченост
- o аутизам
- o друго (Ве молиме наведете):

**8. Дали имате назначено одговорно лице, од Вашите вработени, за лицата со попреченост?**

□ да □ не

**9. Доколку имате назначено одговорно лице за лицата со попреченост, дали досега лицето има присуствувано на работилница или обука од областа на попреченоста?**

□ да □ не

***Ве молиме наведете какви обуки има посетено?***

**10. Дали Вашиот кадар, односно дел од него, досега присуствувал на работилница или обука од областа на попреченоста?**

□ да □ не

*Ве молиме наведете какви обуки Ви се потребни за да ја зајакнете и унапредите работата со лицата со попреченост?*

_____________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________

**11. Дали имате вработено лице со попреченост во судот?**

- o Да, имаме вработено лице со попреченост.
- o Немаме, но размислуваме да вработиме лице со попреченост.
- o Немаме потреба од вработување лице со попреченост во судот.

**12. Дали судот води евиденција за бројот на лица со попреченост кои биле дирекно вклучени во судските процеси?**

□ да □ не

*Доколку одговоривте потврдно Ве молиме наведете колкав е бројот на:*

□ тужители со попреченост________ □ тужени со попреченост_______

**13. Според Вашето искуство, во какви судски процеси, во последните пет години, најчесто се вклучени лицата со попреченост? Ве молиме накратко наведете:**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

## IV. ПРАШАЊА ЗА ПРИСТАПНОСТА НА ИНФОРМАЦИИТЕ

**14. Дали судот има веб страница? Доколку имате, дали е изработена според стандарди за пристапност за лицата со попреченост?**

- o Да, имаме веб страница која е изработена според стандарди за пристапност.
- o Имаме веб страница, но не е изработена според стандарди за пристапност.
- o Имаме веб страница, но не сум сигурен/а дали ги исполнува стандардите за пристапност.
- o Немаме веб страница.

**15. Дали информациите на судот се достапни за лицата со попреченост?**

- o Да, информациите се достапни и објавени на огласна табла.
- o Да, информациите се достапни и обезбедени во прилагодена форма (лесно читливи материјали, браево писмо, толкување на знаковен јазик и слично).
- o Досега не сме ги прилагодувале материјалите.
- o Информациите се достапни без прилагодувања за сите граѓани.
- o Немаме потреба од прилагодување на информации.

**16. Дополнителни информации, искуства или предлози во врска со Вашата работа со лицата со попреченост.**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________



Проектот го финансира Европската Унија

**Прилог 2:**
**Табела за приказ на учество на судовите во анкетно и теренско истражување**

| Бр. | Суд | Остварени активности | |
|---|---|---|---|
| | | Пополнет анкетен прашалник | Остварена теренска посета |
| 1. | Врховен суд на РМ | ✓ | ✓ |
| 2. | Виш Управен суд на РМ | ✓ | ✓ |
| 3. | Управен суд | ✓ | ✓ |
| 4. | Апелационен суд Битола | ✓ | ✓ |
| 5. | Апелационен суд Гостивар | ✓ | ✓ |
| 6. | Апелационе  суд Скопје | ✓ | ✓ |
| 7. | Апелационен суд Штип | ✓ | ✓ |
| 8. | Основен суд Велес | ✓ | ✓ |
| 9. | Основен суд Кавадарци | ✓ | ✓ |
| 10. | Основен суд Крива Паланка | ✓ | ✓ |
| 11. | Основен суд Неготино | ✓ | |
| 12. | Основен суд Скопје II | ✓ | ✓ |
| 13. | Основен суд Гевгелија | ✓ | ✓ |
| 14. | Основен суд Кратово | ✓ | ✓ |
| 15. | Основен суд Куманово | ✓ | |
| 16. | Основен суд Скопје I | | ✓ |
| 17. | Основен суд Битола | ✓ | ✓ |
| 18. | Основен суд Ресен | | |
| 19. | Основен суд Охрид | ✓ | ✓ |
| 20. | Основен суд Крушево | ✓ | ✓ |
| 21. | Основен суд Прилеп | ✓ | ✓ |
| 22. | Основен суд Струга | ✓ | ✓ |
| 23. | Основен суд Гостивар | ✓ | ✓ |
| 24. | Основен суд Дебар | ✓ | ✓ |
| 25. | Основен суд Тетово | ✓ | ✓ |
| 26. | Основен суд Кичево | ✓ | ✓ |
| 27. | Основен суд Берово | ✓ | ✓ |
| 28. | Основен суд Делчево | ✓ | |
| 29. | Основен суд Радовиш | ✓ | ✓ |
| 30. | Основен суд Струмица | ✓ | ✓ |
| 31. | Основен суд Виница | ✓ | ✓ |
| 32. | Основен суд Кочани | ✓ | ✓ |
| 33. | Основен суд Свети Николе | ✓ | ✓ |
| 34. | Основен суд Штип | ✓ | ✓ |
| Вкупно: | | 32 | 30 |

**Прилог 3:**
**Водич за интервју**

## ВОДИЧ ЗА ИНТЕРВЈУ

(насоки за интервјуерот при спроведување на посета на судовите и обсервација на инклузивноста и пристапноста на објектот и информациите)

**<u>Воведни насоки за интервјуерот</u>**

Закажете го интервјуто со лицето посочено како контакт-лице од судот, односно лицето кое го пополнило анкетниот прашалник за истражување на инклузивноста и пристапноста на судовите. Низ разговор објаснете му на контакт лицето која е целта на Вашата посета и посочете дека информациите кои ќе бидат споделени се корисни во насока на подобрување на пристапот до правда за лицата со попреченост.

Започнете го разговорот со себепретставување (име и функција). На испитаниците накусо претставете им ги најбитните информации за проектот и понатамошните активности; за детални информации и појаснувања упатете ги во „Отворете ги прозорците“. Објаснете дека во оваа фаза од проектот ќе се посетат 34 судови во Македонија со цел да се добијат информации за пристапноста и инклузивноста на судовите .

При разговорот следете го овој наменски изготвен водич, а добиените податоци бележете ги во образецот Извештај за посета на судови и за спроведено интервју и обсервација на пристапноста и инклузивноста на објектот и информациите (следи во приог). Образецот претставува комбинација од две алатки: квантитативен прашалник и валитативно претставување на впечатоци од разговорот и обсервацијата како техники кои ќе бидат користени. Во него наведете ги одговорите на испитаниците, но и Вашите коментари и забелешки. Дополнителни упатства и насоки, кои се однесуваат пооделно на секоја тема, се наведени подолу во документот.

### I. КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

Во овој дел внесете ги општите информации за судот кои опфаќаат: име на судот и општина. Од присутните лица на интервјуто побарајте да се претстават со цело име и презиме, функција и обезбедете ги личните информации за понатамошна комуникација (телефонски броеви, емаил адреси). Покрај основната функција, наведете ја и функцијата на контакт лице на претставникот од судот кој е препорачан за таа цел.

### II. ИНФОРМАЦИИ ЗА ФИЗИЧКАТА ПРИСТАПНОСТ НА СУДОТ

Во овој дел од образецот потрудете се да добиете информации од соговорниците за физичката пристапност на објектот:

• Обезбедете податоци за пристапот до судот: дали на влезот на судот има пристапна рампа. Доколку имате потврден одговор накратко опишете каков е пристапот, дали

пристапната рампа е изградена според стандарди, дали низ неа може лицето со попреченост самостојно да се движи, дали после рампата просторот е рамен или пак има некоја препрека.

• Обезбедете податоци за пристапноста во внатрешните простории на судот.

Дали судот е лоциран на еден или повеќе ката, какво е движењето низ катовите, како се справуваат кога ќе дојде лице со телесна попреченост и треба да се качи на вториот кат, како е обезбедено движењето за лица кои имаат оштетување на видот, дали е пристапен тоалетот.

• Обезбедете податоци за пристапноста во однос на лицата со оштетување на слухот и со оштетување на видот. Дали судот има обезбедено пристапност за лицата со оштетен вид, колку често лицата со оштетен вид се корисници на услугите кои ги нуди судот, како се справуваат во такви ситуации, дали лицето доаѓа со асистент или пак се назначува човек од судот кој ќе го придружува; дали судот го посетуваат лица со оштетен слух, дали досега лицата имаат побарано услуга толкувач на знаковен јазик, колку често се јавуваат за оваа услуга, како се одвива комуникацијата со нив.

Поразговарајте за овие прашања со испитаниците и барајте од нив да ви покажат во какви услови се спроведува работата со лицата со попреченост. Исто така побарајте од нив, одговорите да ги поткрепат со примери од секојдневната работа.

Споредете ги добиените податоци со оние наведени од судот во анкетниот прашалник за истражување на . Во случај на значајни отстапки, поразговарајте за можните причини за разликите и наведете ги во табелата.

## III. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИСТАПНОСТА НА СУДСКАТА ПОСТАПКА И ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во овој дел од образецот вклучете ги податоците кои се однесуваат на:

### 1. Евиденција, следење и статистика на лицата со попреченост

Поразговарајте со испитаниците дали водат евиденција за лицата со попреченост и што вклучуваат во евиденцијата. Обезбедете податоци за тоа која, според нивните слободни проценки или според евиденцијата, е најчесто застапена категорија на лица со попреченост кои имаат потреба од услугите кои ги нуди судот. Дали сметаат дека се доволно достапни и пристапни за останатите категории на граѓани со попреченост. доколку не водат евиденција накратко да дадат образложение зошто не го прават тоа, кој е најголем предизвик со кој се соочуваат.

### 2. Информации за подготвеноста на кадарот за работа со лица со попреченост

Во овој дел испитаниците треба да наведат дали имаат назначено лице кое е одговорно за лицата со попреченост, врз основа на што е назначено лицето, кој е најголемиот предизвик и потешкотија кога се соочуваат со лицата со попреченост, дали досега имале некаква подготовка за работа со лица со попреченост и што е она што недостасува за да се подобри соработката и односот кон лицата кон попреченост кои го посетуваат судот. Сите овие прашања, доколку постои можност, побарајте да бидат поткрепени со примери од секојдневната работа.

### 3. Информации за вклученоста на лицата со попреченост во судските процеси и судската работа

При разговорот со испитаниците обезбедете информации за вклученоста на лицата со попреченост во судски процеси: како се обезбедува вклученоста на лицата со попреченост во судски процеси, дали се води грижа лицето да биде во средина која е за него пристапна, дали се обезбедуваат пристапни и разбирливи информации за учесниците во процесот, дали им се нуди дополнителна поддршка на лицата со попреченост, каква поддршка добиваат. Исто така поразговарајте за тоа во какви процеси најчесто се вклучени лицата со попреченост, дали се води евиденција и статистика во овој дел. **Побарајте од испитаниците да ви посочат примери на спроведени судски процеси во кои лице со попреченост е тужител или тужен.**

Дополнително, погледнете и забележете какви се размислувањата на испитаниците за вработување на лице со попреченост во судот. Каде сметаат дека неговата улога е најнеопходна, односно на која работна позиција го гледаат лицето со попреченост и дали имаат некакви очекувања во однос на попреченоста, односно за посоченото работно место со каков тип на попреченост би требало да биде лицето за да може да одговори на работните задачи.

## IV. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИСТАПНОСТА НА ИНФОРМАЦИИТЕ КОИ ГИ ОБЕЗБЕДУВА СУДОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Обезбедете податоци за пристапноста на информациите кои ги презентира судот, дали веб страната е пристапна, што за нив означува пристапност на информациите, дали досега размислувале во таа насока, дали сметаат дека информациите кои ги нудат се доволно пристапни и достапни за сите, дали лицата со попреченост досега имале потешкотија да разберат одредена информација и на кој начин се постапило во такви ситуации. Одговорите, побарајте да бидат поткрепени со примери од секојдневната практика.

## V. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 1. Заклучоци од разговорот и обсервацијата

Наведете ги заклучоците од посетата на судот. Користете ги информациите и податоците кои ќе ги добиете од интервјуто и обсервацијата. Креирајте заклуцоци за следните области:

- Инклузивност на судот (климата и ставовите за лицата со попреченост, пристапност и инклузивност на судовите, соодветни услови за лицата со попреченост, евиденција и статистика за лицата со попреченост);
- Потреба од поддршка (препознавање на потреби од поддршка и прилагодување, обука на кадар, вработување лице со попреченост);

### 2. Препораки

Наведете ги Вашите препораки за понатамошни активности врз основа на претходно поставените заклучоци. Фокусирајте се на заклучоците и врз основа на нив формулирајте препораки.